

Број 7
Април - јуни 2006

# БИЛТЕН за меѓурелигиска соработка

Buletin për bashkëpunim ndërreligjioz • Bilteno baš-o maškar konfesionalnikano jekhetano butikeripe • Dinlerası işbirliği bəlteni
Билтен за међурелигиску сарадњу • Simirida ti colaboratsii anamisa tuti religii
Bilten za međureligisku saradnju • Bulletin for inter-religious cooperation

Да имам пророчки дар и да ги знам сите тајни, да ги имам сите знаења за сите работи, а и толку силна вера што и планини да преместувам, ако љубов немам, ништо не сум.

(Прво послание на светиот апостол Павле до Коринтјаните 13,2)

## ПРИ ПРОГРАМАТА МСМ ОТВОРЕН Е НОВ ПРОЕКТ: РАДИОЕМИСИЈА „АМИН“

**На брановите на билингвалното радио „Лајф“ (89.1 MHz), секоја среда од 17:00 до 18:00 часот почна да се емитува меѓурелигиската радиоемисија „Амин”. Радиоемисиите се посветени на меѓурелигиската соработка во Македонија, а како гости во емисијата се покануваат по двајца теолози, главно студенти на двата теолошки факултети во Скопје – Православниот богословски факултет и Факултетот за исламски науки, но и претставници од другите верски заедници во Македонија.**

Секоја емисија има по една тема, на која двајца соговорници ќе дискутираат од аспект на својата религија за сличностите и разликите во третманот на тоа прашање во двете (или повеќе) религии. Емисијата за време на летото ќе се емитува снимено, но подоцна се планира да биде контактна, значи во одреден дел од емисијата ќе може да се вклучуваат и слушатели, со прашања или со свои размислувања на дадената тема. Темите во емисијата се блиски до младите кои се јавуваат како слушатели на радио „Лајф”: ќе се зборува за љубовта, музиката, уметноста, архитектурата, празниците, науката и медицината од аспект на религијата итн.

Дел од овој проект ќе биде и новинарска теренска работа. Новинар на радиото редовно ќе ги следи активностите од програмата МСМ, но и други активности и настани од верски карактер. Од овие активности ќе се прават прилози, кои ќе се користат во рамките на емисијата „Амин”. Од овие активности, исто така, ќе се известува и во редовните дневни емисии на радиото, во форма на информации, прилози или изјави.

Преку проектот ќе биде овозможено меѓусебно среќавање и запознавање помеѓу студентите со различна вероисповест (како гости на радиоемисиите), нивна размена на знаења и воспоставување меѓусебни лични контакти. Со проектот ќе се овозможи и промовирање на меѓуверскиот дијалог пред општата јавност, а исто така, преку радиоемисијата јавноста ќе биде во можност да се запознае со религијата, културата и традицијата на другиот.

## ПРЕДАВАЊА НА ТЕОЛОШКИТЕ ФАКУЛТЕТИ

**Во рамките на програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија и оваа година се одржаа неколку разменски предавања на професори од теолошките факултети.**

На својата трета седница, која На Факултетот за исламски науки предаваше деканот на Богословскиот факултет, проф. д-р Јован Белчовски, на тема „Суштината на православието”, додека пак м-р Абдул Џемиљ Несиме, студентите од Богословскиот факултет ги запозна со „Суштината на исламот”. Пастор Михаил Цеков од Евангелско-методистичката црква првпат одржа предавање на Богословскиот факултет на тема: „Ширење на Протестантизмот на Балканот”, при што посебен акцент стави на појавата и ширењето на протестантизмот во Македонија.



Оваа година за првпат во рамките на овој проект беше поканет и професор од Филозофскиот факултет да одржи предавање на теолошките факултети. Така, проф. Зоран Матевски предаваше

Продолжува на страница 2

страна 2 Меѓурелигиски конференции
страна 3 Меѓурелигиски конференции
страна 4 Посета на верски објекти
страна 5 Посета на верски објекти
страна 6 Религиите за бракот и семејството
страна 7 Верски празници
страна 8 ИНФО

# Советот за меѓурелигиска соработка на Македонија ја организираше Втората интерконфесионална средба

Организатор и модератор на средбата беше хаџи Јакуб Селимовски, член на Советот за меѓурелигиска соработка од Исламската верска заедница, а воведно предавање произнесоа муфтиите на Тетово и Гостивар – Али Фикри Есати и Шакир Фетаи. Свое излагање во контекст на меѓурелигиската соработка изнесоа и претседателот на Исламската заедница Реис Ул Улема Бахри Алиу, како и членовите на Меѓурелигискиот совет: проф. д-р Ратомир Грозданоски – претседател ма Меѓурелигискиот совет и претставник на МПЦ; монсињор Антун Циримотиќ – претставник на Католичката црква; пастор Михаил Цеков – претставник на Евангелско-методистичката црква и г. Виктор Мизрахи – претставник на Еврејската заедниза во Македонија.

Професорот Ратомир Грозданоски поздравувајќи ги присутните на македонски и на албански јазик, рече: „Бог, Премудриот Создател, решил овде заедно да живееме и нам ни го дал ова парче земја. Ние, денес, не сакаме да зборуваме за нашите разлики, туку за она што н# прави да бидеме заедно. Прво и основно е верата која н# повикува да веруваме во еден Бог, но освен заедничкото со верата во еден Бог, нам ни е дадена и заедничка Татковина, па заедно треба да ја сакаме и да им кажеме на сите дека е ова наше и најубаво, а ќе го направиме и поубаво од нивното, па да посакаат тие да живеат овде, а не ние да се прогонуваме од овде. Ливадата е најубава кога има различни цвеќиња - и ние сме во таа ливада.“




Потоа следеше дебата и меѓусебен разговор за конкретни примери на заедничко живеење, а беа изнесени и конкретни предлози за идни проекти кои ќе придонесат за подобро запознавање на луѓето од различна вероисповед. Конференцијата заврши со заедничка вечера и остварување на лични пријателства и контакти.

Набрзо се очекува да се оствари и Трета интерконфесионална средба за Струмичкиот регион, во организација на пастор Михаил Цеков.

**Како дел од активностите на Советот за меѓурелигиска соработка во Р. Македонија на 7 јуни 2006 година во Тетово беше организирана Втора интерконфесионална средба наменета за подобро запознавање, дружење и изнесување на искуства од меѓусебниот соживот на православните парохиски свештеници и имами, но и претставници од другите верски заедници во Полошкиот регион на Македонија.**

Продолжеток од страница 1

на двата теолошки факултета на тема „Меѓурелигиска толеранција во



Македонија“. Предавање на истата тема професорот Матевски одржа и на Филозофскиот факултет, каде беше дадена една завршна целина на претходните две предавања. Ова предавање со големо внимание беше проследено не само од студентите на Филозофскиот факултет, туку и од студентитеолози од помалите верски заедници во Македонија, кои немаа можност да ги слушнат претходните предавања на истата тема.

# Меѓусебниот однос на религиите во новонастанатиот плуралистички свет
## (Меѓурелигиска конференција во Струмица)

По иницијатива на Евангелско-методистичката црква (ЕМЦ) во Македонија, поддржана од МЦМС, од 3 до 5 април 2006 г. во хотелот „Сириус“ во Струмица се одржа меѓурелигиска конференција. На конференцијата учествуваа претставници од Македонската православна црква, од Богословскиот факултет од Скопје, од Исламската верска заедница, од Факултетот за исламски науки, од Католичката црква и од Евангелско-методистичката црква. Како предавачи беа поканети проф. д-р Роберт Хант (методист) од Јужнометодистичкиот универзитет во Далас; проф. Хелмут Науснер (методист) од Виена; проф. д-р Јован Белчовски – декан на Богословскиот факултет и д-р Муса Мусаи од Факултетот за исламски науки.



Темата на конференцијата гласеше: „Како меѓусебно се однесуваат религиите во новонастанатиот плуралистички свет?“

Претседавачот на конференцијата, пастор Михаил Цеков (методист), го одржа воведниот говор, зборувајќи за меѓусебните односи на религиите во Р. Македонија, задржувајќи се најмногу на моменталната состојба на односите помеѓу црквите и верските заедници. Тој ја потцрта позитивната улога на веќе формираниот Меѓурелигиски совет и истакна дека соработката се одвива на различни нивоа, за што голем придонес има и Македонскиот центар за меѓународна соработка, кој се јавува како координатор на работите.

Професорот Хелмут Науснер со кус вовед ги запозна присутните со историјатот на Евангелско-методистичката црква, а потоа зборуваше на темата: „Како јудеизмот, христијанството и исламот гледаат на новонастанатиот плуралистички свет“. Подоцна во дискусијата стана збор за значењето на поединецот и неговата одговорност во заедницата и за улогата на жената во општеството.

Професорот д-р Белчовски преку своето излагање се обиде да ги запознае присутните со односите во православниот свет, но и со односот меѓу православната црква и државата во којашто се наоѓа.

Вториот ден се дискутираше на темата: „Какво значење има националниот за религиозниот идентитет на верникот“, додека пак во третиот тематски круг дискусијата беше насочена за човековите права.

На крајот, учесниците заклучија дека црквите и верските заедници имаат една долга историја на меѓусебни односи. Комуникацијата меѓу нив е од голема важност. Тие меѓусебно се почитуваат и соработуваат и искуството од Македонија може да биде пример за другите европски држави.

Во завршните искази, учесниците на оваа средба потенцираа дека се од голема важност средбите од ваков тип и тие во иднина треба да се планираат почесто.

**подготви: Тинка Крстева**

## Улогата на верските заедници како дел од граѓанското општество во Македонија

На 1 јуни 2006 година, во хотелот „Холидеј ин" се одржа тркалезна маса на темата: „Улогата на верските заедници како дел од



граѓанското општество во Република Македонија". Конференцијата беше организирана од Комисијата за односи со верските заедници, а спонзорирана од фондацијата Конрад Аденауер. На истиот настан учествуваа претставници од црквите и од верските заедници во Македонија, претставници од хуманитарните организации при истите, социолози, а свое учество во дискусијата зедоа и почесниот гостин на конференцијата, амбасадорот на С.Р. Германија во Р. Македонија, г. Ралф Брет, како и гостите – бискупот Хомајер, г. Урлих Клеппман и г-ѓа Катја Плате од фондацијата Конрад Аденауер од Берлин. Тие нè запознаа со меѓурелигиските проекти коишто оваа фондација финансиски ги помага во други земји од Европа каде е потребен интеррелигиски дијалог, со цел да се увиди потребата од спроведување на истите проекти во Македонија коишто би помогнале во унапредувањето на дијалогот меѓу верските заедници. Посебно се акцентира формирањето на Меѓурелигискиот совет во Македонија како еден посебен орган со своја структура, секретаријат и администрација и можноста за формирање постдипломски студии по компаративна религија како единствен центар за теолози од цела Југоисточна Европа по примерот на веќе формираниот таков центар во Германија.



На конференцијата уште се дискутираше за одговорноста на верските заедници во градењето на социјалното општество; улогата на религијата во промената на моралните вредности во транзициските општества, како и за влијанието на религијата во образованието, посебно за воведувањето веронаука во училиштата.

## Меѓурелигиска конференција на косовските верски лидери за мир, коегзистенција и дијалог

**Од 2 до 5 мај 2006 година верските лидери и високи претставници од Српската православна црква, од Католичката црква, од Протестанстко-евангелистичката црква, заедно со Исламската и со Еврејската заедница од Косово во манастирот на Пеќката патријаршија одржаа меѓуверска конференција за мир, коегзистенција и дијалог.**

Конференцијата беше комодерирана од о. Леонид Кишковски - вицемодератор на Светската конференција на религиите за мир ВЦРП (WCRP), бискупот Гунар Сталест – претседател на ВЦРП, и хаџи Јакуб Селимовски од Македонија, а организацијата и спонзорството беше од страна на Норвешката црковна помош НЦА (NCA). Цел на конференцијата беше да обезбеди можност за мир, заеднички соживот и соработка, преку институционализирана форма на дијалогот и конкретни проектни активности. На конференцијата верските лидери и претставници се согласија да се залагаат за следново:

- да одржуваат состаноци помеѓу верските заедници на ниво на високи верски претставници, како и помеѓу советниците од работната група и на општинско ниво;
- Да го интензивираат меѓурелигискиот дијалог и соработка;
- Сите да придонесат з а подобрување на соживотот и да помогнат за враќањето на раселените лица;
- Да ја промовираат размената помеѓу религиозните заедници, како што е: посета на религиозните објекти, размена на предавања помеѓу теолошките факултети, како и да се овозможи да продолжи со работа богословијата „Св. Кирил и Методиј" во Призрен;
- Да се поканат на соработка медиумите во областа на меѓуетничките и меѓурелигиските вредности;
- Да се олесни комуникацијата и размената на информации помеѓу религиозните заедници како, на пример, изработка на заеднички адресар на верските заедници;
- Континуирано учество на верските лидери во процесот на подготовка на законот за религиите; и,
- Да се состанат на семинар при Академијата Нансен во Норвешка за зајакнување на локалните верски лидери и нивните заедници во мирот и помирувањето.

Може да се забележи дека голем дел од активностите коишто се договорени на оваа конференција да се спроведат во Косово веќе се реализираат во Македонија, па затоа Норвешката црковна помош размислува за размена на искуствата од Македонија со верските претставници од Косово.

## Меѓуверски дијалог на Балканот

Комисијата за односи со верските заедници, помогната од Швајцарската амбасада во Р. Македонија од 26-28 мај 2006 г. организираше Балканска меѓурелигиска конференција во Струга на која учествуваа претставници на црквите и верските заедници, академскиот живот, научни институции и медиуми од Македонија, но и од другите балкански земји. Како гости во Македонија на оваа конференција присуствуваа: г. Мирољуб Јевтич од Факултетот за политички науки во Белград, г-ѓа Даниела Калканџиева од Центарот за меѓурелигиозен дијалог при Софискиот универзитет, г.Александар Омарчевски од Богословскиот факултет во Софија, г. Хусеин Хафизоф - главно муфтиство во Р. Бугарија, г. Емир Ковачевич од Исламската заедница во Босна и Херцеговина, г. Мато Зовкич од Врхобосанската надбискупија, г. Вилхелм Наухнер од Евангелско-методистичката црква и други.



Тие расправаа за состојбата и поттикнувањето на меѓурелигискиот дијалог, особено од аспект на развојот и унапредувањето на религиската толеранција, за односите на религијата и политиката во современото општество, како и за културните и верските карактеристики на балканските земји во процесите на евроинтеграцијата.

Учесниците на конференцијата изразија надеж и убеденост дека сите религии, верски заедници и нивните институции во земјите кандидати за влез во Европската Унија ќе се вклучат во интегралниот процес, со уште поголема одговорност, дефинирана мисија и заеднички афирмирани духовни вредности.

# Посета на манастирот „Свето Преображение“ во с. Зрзе



Икона од Манастирот во Зрзе - Богородица Пелагонитиса

**На 23 мај, оваа година, во рамките на проектот „Размена на знаења за другите религии”, студенти и професори од Богословскиот факултет, заедно со верници од Католичката и од Евангелско-методистичката црква, го посетија манастирот „Св. Преображение”, кој се наоѓа над селото Зрзе – Прилепско, на 1000 метри надморска височина. Предизвик за да се случи оваа посета беше тоа што сите учесници во посетата за првпат го посетија манастирот којшто е анонимен, од една страна заради тешката достапност, но за науката манастирот воопшто не е анонимен. Зрзеските икони Богородица Пелагонитиса и Христос се антологиски икони коишто ги има во секоја збирка.**

Кога доаѓате во Зрзе, имате чувство дека одите на крајот од светот, можеби, но интересно е дека Зрзе пулсирало во сите историски периоди и ги привлекувало сите зографи. Три цркви има под еден покрив, буквално со три трпези одвоени. Сега се останати само две, најстарата, Св. Преображение и Св. Петар и Павле.

Во манастирот бевме пречекани од монасите и неговото преосвештенство, владиката Климент. За добредојде нè почестија со студена манастирска вода, кафе, планински чај и деликатесни колачи коишто монасите ги направиле сами.







Манастирот се наоѓа во општината Долнени каде 80% од населението се муслимани. Тоа беше поводот да го запрашам владиката Климент како се прифатени монасите од муслиманите кои живеат во овој регион?

„Манастирот Зрзе е секогаш слободен за луѓето со различна вероисповест или религија, со цел подобро да се запознаеме едни со други, со една теза дека добрите христијани и добрите муслимани секогаш живееле заедно во мир на овие простори. Муслиманите кои се пријатели на овој манастир доаѓаат да нè посетат за Бајрам и да нè почестат баклава, исто така одиме и ние ги посетуваме, тоа значи дека ни се добри односите. Но, средба со оџата од Дебриште сè уште не сме оствариле, иако неколку пати го поканив, зашто сметам дека тоа ни е потребно, бидејќи луѓето заради таа една традиционална побожност, не се познаваат меѓусебно”, ми одговори владиката Климент, кој исто така сподели со нас и едно негово лично искуство во овој контекст. Имено, кога првпат дошол во манастирот заедно со другите монаси во 1997 година, прв човек кој дошол да им помогне бил Албанец и рекол дека помага во изградбата на манастирот, зашто од памтивек неговите постари роднини помагале за тоа.

Владиката се обиде и топонимски да ни го разјасни зборот Зрзе. Тоа е всушност ономатопејски израз што доаѓа од звукот на водата што секогаш се слуша во позадината, бидејќи на планината има доста извори на вода коишто отсекогаш биле и извори на културата и цивилизацијата. Овие извори, заедно со стратешката позиција на тврдината, значеле многу во сите историски епохи. Буквално постоеле и може да се набројат културни слоеви на животот, така што дел од тие артефакти што се сочувани, ставени се во манастирската ризница. V-VI век веќе имало темели на ранохристијанска базилика. При едни археолошки испитувања, најдени се црковни предмети уште од времето на Св. Кирил и Методиј што укажува на фактот дека тогаш на овие простори живеел епископ. Во манастирската ризница се чува и Проскомидија од XVII век, ковчеже со моштите на Св. Прокопиј и Св. Пантелејмон. На него можат да се видат траги од жар бидејќи трипати било опожарено, но тоа иако дрвено, за божје чудо не изгорело, две монети со ликот на Филип V Македонски од Персеј од IV век пред Христа, како и монети од римскиот, од рановизантискиот и од османлискиот период и други црковни предмети.

Основоположник и ктитор на манастирот бил монахот Герман за време на владеењето на Цар Душан во XIV век. Кога го разгледавме фрескописот во Зрзескиот манастир забележавме дека концепцијата никако не одговора на стариот средновековен канон на распоред на фрескописот, бидејќи сретнавме една Евхаристија на запад, а таа секогаш се фрескописа на исток и во олтарниот дел. Иконата Богородица Пелагонитиса во Зрзескиот манастир исто така седи на условно неканонско место, но постои предание зошто таа стои тука. Богородица трикратно си го сменила своето место и рекла: „Не сакам да му вртам грб на мојот син!”. За иконата Богородица Пелагонитиса интересно е тоа што Господ Исус Христос е прикажан како разиграно дете, истакнувајќи ја повеќе неговата човечка природа. „Взиграние младенца”, што како тип е всушност мотивот за да се наслика Богородица Пелагонитиса, но сепак е извлечена од „Умиление”, на некој начин. Но, ваков тип подоцна се етаблира како пелагониски образ на Богородица кој стигнува до Русија. Тој го има во Фасцинајската збирка од XV век.

Митрополитот Јован Пелагониски насликал дел од фреските, а истиот митрополит го фрескописал и манастирот „Св. Андреј” на Матка. Исихастичката духовност многу влијаела на неговата сликарска дејност. Во неговите дела постои интересна палета на бои, бидејќи има многу јаки линии на бела боја што ја симболизира исихастичката несоздадена светлина. Со тие идејни тековни движења бил зафатен митрополитот Јован кој творел заедно со монасите од Зрзескиот манастир, така што станува збор за една работилница, бидејќи послушание на манастирот било



фрескописанието. Еминентни руски научници тврдат дека исихазмот од Света Гора, преку Македонија, оставил белег во цртежите на познатите иконописци Теофан Грек и неговиот ученик Андреј Рубљов.

Интерсно за фрескописот е и тоа што може да забележиме фрескописани архиереи кои само по мантијата ќе ги препознаеме дека се архиереи, а по облеката не. И тие молчат, нивните свитоци се затворени, а свитоците на монасите се отворени, тие учат, тие поучуваат, тие проповедаат. Тоа покажува дека Зрзе бил јак монашки центар и од XIV век до наше време, со мали исклучоци, во манастирот постојано имало монашки живот. Претежно бил машки манастир, но во најтешкиот период, за време на Втората светска војна, на неколку декади, станал женски. Во 1948 г. доаѓаат во манастирот две руски монахињи, мајка Ирина и мајка Параскева кои се погребани во дворот на манастирот. Тие извршиле исклучително влијание со својата руска побожност и со своето предание на Исусовата молитва, така што, вели владиката Климент „ние кога дојдовме, народот веќе знаеше што е монаштво, зашто поминувавме во Зрзе на веќе отворен пат, бидејќи селаните многу добро ја паметат мајка Ирина која се молела за нив, па ние се врзавме како алка на еден континуитет којшто овдека непрекинато трае од почетокот па сè до денес".



Околу манастирот во тврдината забележавме и повеќе ќелии, каде се случувал всушност оној вистински исихазам. Во ќелите се живеело до XVII век и монасите живееле многу строг аскетски живот. Тие се раритети, но сепак, сè уште не се заштитени од Министерството за култура.

На крајот се запрашавме зошто монахот Герман, ктиторот на манастирот, направил од голема стратешка тврдина манастир, но мирот којшто сите кога дојдовме го почувствувавме сигурно бил пресуден за да се изгради овој прекрасен манастир.

# Благословен камен-темелникот на новата Католичка црква „Свети Никола Чудотворец" во село Секирник

На 17 мај, 2006 лето Господово, во селото Секирник, Струмичко, неговото високопреосвештенство, апостолскиот нунциј во Македонија, архиепископот Сантос Абрил Икастело (Santos Abril y Castello), го изврши осветувањето на камен-темелникот на новата Католичка црква во Секирник. Со обредот чиночаластвуваше неговото високопреосвештенство монс. д-р Киро Стојанов, скопски бискуп и апостолски егзарх.

На свечениот чин присуствуваа повеќе високи гости, господинот Горјан Тозија, советник на претседателот на Република Македонија, г. Марјан Ѓуровски, советник на претседателот на Владата, г. Фуад Касановиќ, заменик-министер



за надворешни работи, проф. д-р Цане Мојаноски, претседател на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи, г. Ѓорги Манушев, градоначалник на општината Босилово, г. Зоран Ристов, претседател на Советот на општината Струмица, претставници од дипломатскиот кор акредитирани во РМ, претставници на МПЦ предводени од нвп г. Наум, митрополит струмички и повеќе домашни свештеници и верници.

Во својот поздравен говор бискупот Киро ја изрази својата радост и задоволство и им се заблагодари на сите оние што ја поддржаа иницијативата да се изгради црква за да можат верниците католици од византиски обред да имаат своја црква каде би можеле да ги извршуваат своите верски обреди. Исто така, тој нагласи дека ова е еден нов почеток за сите.

Архиепископот Сантос Абрил Икастело, во името на светиот отец папата Бенедикт XVI. упати честитки и исто така ја изрази својата радост и задоволство што католиците во Секирник конечно ќе добијат своја црква.

Во Секирник повеќето жители се од православна вероисповест, но исто така има повеќе католички семејства. Со оваа нова црква самото село, а исто така и сите жители, добиваат уште еден божји храм. Исто така, тука се отвора едно ново поле на меѓусебна соработка помеѓу православните и католиците од источен обред. Тука се отвораат нови можности на поле на меѓурелигиски дијалог и меѓурелигиска соработка. Да се надеваме дека тоа ќе знаеме да го искористиме за доброто на сите жители во селото, на идните поколенија и за доброто на Македонија.

**подготви: Спасе Спасов**

# Македонска делегација го посети гробот на Св. Кирил во Рим



На денот на светите Кирил и Методиј (24 мај), митрополитот дебарско-кичевски и плаошки г. Тимотеј, во присуство на официјална македонска делегација од високи државни претставници,чиноначалствуваше со молебенот на гробот на свети Кирил, во црквата „Св. Климент", папа римски во Рим.

Делегацијата, којашто во рамките на традиционалната манифестација „Македонија во чест на Свети Кирил" се поклони на гробот на рамноапостолниот сесловенски просветител, ја предводеше претседателот на Р. Македонија, г. Бранко Црвенковски.

На средбата со папата Бенедикт XVI, претседателот истакнал дека Македонија е и натаму подготвена да гради блиски односи со Ватикан, кои се значајни за билатералните релации и за реализирањето на интегративните процеси на македонската држава. Претседателот исто така го поканил папата да ја посети Македонија. Папата, пак, истакнал дека внимателно го следи напредокот на Македонија кон ЕУ и ќе продолжи да го поддржува обединувањето на Европа, а во таа насока и зачленувањето на Македонија во Унијата.

**подготви: Анета Јовковска**



# ЗА СОПРУЖНИЦИТЕ И ЗА СВЕТАТА ТАЈНА - БРАК (ПРАВОСЛАВЕН ПОГЛЕД)

**Ќе ги остави човекот таткото свој и мајката своја и ќе се прилепи кон жената своја...**
(1 Мојс. 2, 24)

Божја волја е да се размножува родот човечки. Божја тајна е како човекот ги остава таткото и мајката и се прилепува кон жената своја. Да се остават родителите, не значи да се напуштат тие, туку и сам да станеш родител. Првобитната заповед божја за почитувањето на родителите мора да се исполни. Свети Теодорит пишува: „Самиот Христос, оставајќи го Севишниот Отец, се соединил со Црквата. Бракот е голема и чудесна тајна, една од големите тајни на домостројот Божји".


Православна венчавка

Како мажот, така и жената треба да стапува во брак по слободна волја и согласност. Затоа и свештеникот на венчанието ги прашува мажот и невестата дали слободно и согласно стапуваат во брак. Бракот без согласност на обата сопружници не може да биде цврст. И родителите и свештеникот кои го согледуваат несогласувањето на младенците, ако ги принудуваат или пак ако таквите ги венча, се огрешуваат многу, бидејќи оттаму произлегува секое зло во бракот.

Оние кои слободно стапуваат во брак треба до крајот на својот живот да ја чуваат својата љубов и взаемна верност. Следствено на даденото ветување, тие треба да бидат неразводјни до крајот на животот.

Оние кои живеат во брак треба да имаат на ум дека се христијани, т.е. да го исповедаат името божјо, да се молат на Бога и да се причестуваат со светите Христови тајни. Мажот не би смеел на жената своја да гледа како на робинка, а жената пак треба да се покорува на својот маж како што учи апостолот.

Ако сопружниците имаат слични потреби, нивниот брак ќе биде среќен бидејќи ќе постои во единомислие, согласност и мир. Кога мажот е добронамерен, а жената злонамерна и обратно, тогаш не може да има согласност и мир. Оттаму може да се заклучи дека придонесот на добронамерните сопружници кон бракот е секојдневно трпение со коешто се победува злото, а се добива мир и согласност.

Постои монашки живот и брачен живот. Трета можност е девствениот живот во светот, којшто е крајно опасен, изложен на искушенија и ја преминува способноста на луѓето. Бракот е откровение и Света Тајна. Во него ни се покажува потполната преобразба на човечкото битие, ширење на неговата личност, ново поимување на животот и повторно раѓање за сѐ во нова полнота.

**подготви: Дејан Димитриевски**

# БРАКОТ ВО ИСЛАМОТ

**„Да е возвишен оној што сите нешта ги создаде во полови, во тоа што излегува од земјата, од самите тие и од што не знаат тие ".**
(Куран, Јасин:36)

**„И од Неговите факти е што од самиот ваш вид Тој ја создаде страната, така што ќе најдете поддршка кај нив и помеѓу вас создаде љубов и милост..."**
(Куран, Ер Рум: 21)

Возвишениот го создаде човекот во најубавата форма, му даде душа, свест и го определи за негов заменик на Земјата. Него го издигна над сите други суштества, но и го обврза и од истиот побара одговорност.

Меѓу обврските на човекот секако е и институцијата брак, институција којашто датира уште од првиот човек, таткото и првиот пратеник на човештвото, Адем а.с., од кој Создавачот ја создаде и жената со што почна развојот на човечкиот вид. Дека бракот беше обврска и на пратениците пред Мухамед а.с. Возвишениот Алах, Неговиот пратеник и целото човештво ги запознава со зборовите: *„Ние и пред тебе испративме пратеници и ним им овозможивме да имаат жени и деца"*. (Ер Рад : 38) Додека самиот пратеник на Господ, во оваа насока рекол: *„Четири нешта беа традиција на пратениците на Алах, а бракот е едното од тие"*.

Кога говориме за ова, без друго треба да го донесеме и првиот *ајет – цитат* од поглавјето *Ен Ниса* (на мак. јаз. - жени), каде што се вели: *„О луѓе! Плашите му се на Вашиот Господ кој Ве создаде од еден човек и од него неговиот пар, а од нив се намножија многу мажи и жени..."*

Овој ајет, како што истакнува познатиот толкувач на Куранот, Сејид Кутуб, *„го репрезентира оригиналниот фундамент на концетрирањето на исламот, фундаментот врз којшто се издига општествениот живот"*.

Бракот е акт на *ибадет-обожување*, но, бидејќи во неговото постигнување се бара спогодување на два спротивни пола, неопходно е да се постигне и *никах*, значи договор. Тоа е договор што треба да се постигне меѓу брачниот пар и двајца сведоци. Од ова што беше кажано, може да се види дека исламскиот брак е сочинет од два аспекта: *ибадет* и *муамеле* – договор меѓу брачниот пар. Од аспект на *ибадет*, случувањето на бракот е акт со којшто Алах е задоволен, бидејќи, пред сѐ, станува збор за спогодба во согласност со одредбите што ги бара Тој, брачната двојка се сака во Негово име и се помагаат нивните наследници да се поклонуваат само пред Него – Возвишениот Создавач. Додека од аспект на *муамеле*, бракот е институција којашто овозможува на дозволен начин да бидат задоволени есенцијалните биолошки потреби на луѓето. Овие два аспекта на извонреден начин се објаснуваат од зборовите на пратеникот Мухамед а.с.: *„Кога човек стапува во брак, ја има исполнето половината од иманото - неговото верување, и нека се плаши од Алах за неговата втора половина"*. Додека, пак, во еден друг случај рекол: *„Бракот е половина вера, кога ќе стапи во брак, човекот ја исполнува верата"*.

Кога сме кај оваа точка, спогодбата и нејзиниот начин, покрај определени услови или одредби што произлегуваат од шеријатот, сепак, тоа е само спогодба и како таква може да се отповика. Но, тргнувајќи од тоа дека оваа спогодба не е како вообичаените што се постигнуваат во однос

на недвижнина итн., туку спогодба којашто се поврзува и со *ибадетот*, со нешто што претставува неопходно јадро за создавање семејство и тоа што ги допира чувствата на едниот и на другиот, отповикувањето на спогодбата за брак е последната мерка. Со други зборови, исламот бара бракот меѓу сопружниците да биде постојан, сè додека не ги раздели смртта, но во одредени случаи, *талак* – развод, како што пишува д-р Мустафа Ес – сибаи: *„Алах го одредил Талак како лек за брачните конфликти, каде што друг лек освен тој не им носи корист”.* Фактички, *талак* е единствената дозвола омразена од Алах. Ова се аргументира со зборот на пратеникот: *„Најомразена дозвола кај Алах е Талак”.* Додека племенитиот Куран, ги потсетува мажите со зборовите: *„...тие од вас добиле силна верба”. (Ен Ниса:21)*

Исламот од една страна преферира, повикува, поттикнува, и во голем број случаи заповедува брак, додека од друга страна, најостро спречува секоја друга форма на односи надвор од него. Исламот, значи, има за цел оваа потреба да биде поврзана со склучување брак и партнерите да си ги преземат одговорностите. Тоа е решение што се стреми кон допирање на ментално–душевните потреби, телесните потреби, се стреми кон заштита на љубовта, регулирање на страстите, почитувањето на самиот себеси – другиот, на човештвото. Значи, станува збор за многу сериозна работа во којашто никако не смее да се тргне од изградба на привремени, моментални, неодговорни односи, по кои се редат разните последици.

Бидејќи досега во овој напис имавте прилика да прочитате само некои од куранските цитати и зборовите на Мухамед а.с. во врска со бракот, сепак, може да се забележи дека бакот којшто го предвидува и е во согласност со исламот, меѓу другото, има за цел и создавање на тоа што претставува јадро на едно здраво општество, значи на семејството. Фактички, доколку го проучуваме Куранот и другите извори на шеријатот, ќе забележиме дека голем број законски одредби говорат за семејството. Оттука, нашата тема е многу широка и, пред сè, е од извонредно значење. Кога сме веќе тука, без да губиме време, треба да кажеме нешто во врска со задачите, или улогата што треба да ја има семејството. Фактички, тука само ќе пренесеме неколку конкретизирани точки од исламологот Ахмед Хуршид, со што и ќе го завршиме овој напис, со надеж дека точките во продолжение ќе помогнат да разберете зошто исламот се повикува на институцијата брак: *„одржување и продолжување на човечкиот вид, заштита на моралот, психоемоционалната стабилност, љубов, доброчинителство и добро однесување, другарљубивост и вредно ориентирање, економска и општествена сигурност, ширење на семејниот хоризонт и придонес кон општествена кохезија во заедницата и мотивација за обиди и жртви”.*

**подготви: Африм Тахири**

# БРАКОТ СПОРЕД ЕВРЕЈСКАТА РЕЛИГИЈА

Според еврејското сфаќање, бракот претставува идеален човечки однос и се смета за основна општествена институција, која ја востановил Бог во процесот на создавањето на светот. За јудеизмот бракот е и света институција.

Со церемонијата на венчавањето се основа ново семејство. Многу е важно да се достигне емотивна зрелост и психичка подготвеност, кои се неопходни при склучувањето на бракот.

Со женењето, мажот ја презема врз себе одговорноста и должноста да се грижи за жената и за идното поколение, а жената со мажењето ја донесува најважната одлука: да го помине животот со избраникот на нејзиното срце. Обврска е на младоженецот и невестата да побараат совет од рабинот пред да стапат во брак. Откако ќе востанови рабинот дека нема никаква верска, ни законска пречка за склучување на бракот, бракот се одобрува.

По еврејските прописи, обредот на склучување брак се дели на два дела: веридба-кишдун и венчавање-нисуин. Во денешно време церемонијата на веридбата и венчавањето се одделени само со читањето на брачниот договор-кетуба, напишан на арамејски јазик. Со брачниот договор се прецизираат взаемните обврски на мажот и на жената. Договорот го легализира бракот. Денес брачниот договор се користи и за да се истакне моралната одговорност којашто врз себе ја презема венчаниот пар.

**извадок од книгата: „Основни поими на јудеизмот”**
**Од Цадик Данон**

## НАЈАВА ЗА НАСТАН:

Од 13 – 18 јули 2006 година, во организација на МЦМС, ќе се одржи Меѓуверски летен камп во хотел „Бисер”, Струга. Во кампот ќе земат учество студенти од двата теолошки факултета во Македонија, како и претставници од Католичката и Евангелско-методистичката црква. За учесниците во кампот организирани се предавања од професори на теолошките факултети на тема: „Меѓурелигиска соработка и дијалог помеѓу младите од различна верска припадност”, а исто така планирана е и заедничка посета на верски објекти и служби: Шарената џамија во Тетово и Бигорскиот манастир „Св. Јован Крстител”. На 16 јули 2006 година учесниците од меѓуверскиот камп ќе имаат можност да присуствуваат на традиционалната галичка свадба.

# КАТОЛИЧКАТА МАНИФЕСТАЦИЈА „ФАМИЛИФЕСТ“ (FAMILYFEST) СЕ ОДРЖА ВО САЛАТА ПРИ ПРАВОСЛАВНИОТ СОБОРЕН ХРАМ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“

**Во неделата, на 21 мај 2006 година, се одржа средба на семесјтвото – Фамилифест (Familyfest), под наслов „Семејство... љубов која гради мир”.**
**Овој празник на семејството во Македонија беше продолжение на големата планетарна средба одржана минатата година, посветена на покојниот папа Јован Павле II.**

Празникот на семејството прикажа какво е семејството коешто ги живее евангелските вредности чиишто извор е Бог-Љубов. Љубов, која нема крај, која љуби прва, знае да прости, плодна е и отворена кон животот, внимателна кон најслабите, отворена кон поделбата на сите добра, солидарна, бесплатна.

Само преку семејството овие вредности можат да се сочуваат, да растат и да станат семе на развојот на поширокото општество.

Програмата ја отвори епископот Велички Методиј, администратор на Американско-канадската македонска православна епархија, а протагонисти на Празникот на семејството беа самите семејства коишто изнесоа свои сведоштва од разни аспекти на животот. Програмата беше збогатена со музички и со уметнички точки, а завршниот збор на манифестацијата го кажа монсињор Анте Циримотиќ.

Средбата ја организира Мариинoто дело - Движењето на фоколарите. Се одржа во Скопје, во салата при соборниот храм „Свети Климент Охридски”.

**ПОИМНИК:**

**уховден (Св. Троица):** Овој празник се празнува 50 дена по Велигден. На овој ден Светиот Дух во облик на пламени јазици слегол врз апостолите, по што апостолите почнале да зборуваат на разни јазици, а насобраните луѓе, иако дојдени од разни краеви на земјата, го разбирале говореното. Вториот и третиот ден од овој празник се посветени на Света Троица, зашто со благослов на Отецот се исполнило ветувањето на Синот, дадено на апостолите, дека ќе го испрати Светиот Дух.

**Шавуот:** празник на примање на Тората и празник на жетвата , 49-тиот ден на Омер.

**Почеток на месецот Реџхеб:** ден кога почнуваат трите месеца во коишто што божјата милост е пообилна кон верниците.

**Ноќта на Регаиб:** ноќта во пресрет на првиот петок на месецот Реџхеб. Ноќ кога е зачнат пратеникот Мухамед а.с. во утробата на својата мајка Амина.

**Успение на Пресвета Богородица:** Празникот е востановен во спомен на успението на Пресвета Богородица. Според преданието, на третиот ден по нејзиниот погреб, Господ Исус Христос ја воскреснал, воздигнувајќи ја на небото.

## Регистрирани верски заедници и религиозни групи во Македонија

1. **Македонска православна црква**
   Бул. "Партизански одреди", 12, Скопје
2. **Исламска верска заедница**
   Ул."Чаирска" 52, Скопје,
3. **Католичка црква**
   Ул. "Ристо Шишков"31, Скопје,
4. **Еврејска верска заедница во РМ**
   Ул. "Борка Талески"24, Скопје
5. **Евангелско-методистичка црква во РМ**
   Ул. „Дебарце" 9, Скопје
6. **Христијанска адвентистичка црква (Црква на адвентистите на Седмиот ден)**
7. **Христијанска адвентистичка црква во РМ**
8. **Баптистичка црква "Радосна вест" во РМ**
9. **Еховини сведоци - христијанска верска заедница**
10. **Евангелско-конгрешанска црква**
11. **Света столица и круна на Исламска еренлерска тариканска верска заедница во Македонија**
12. **Новоапостолска црквава во македонија**
13. **Сатја Саи центар**
14. **Евангелска црква во РМ**
15. **Ваишнавска верска заедница**
17. **Прахристијанска заедница-"Универзален живот"**
18. **Црква Божја во РМ**
19. **Христијанска религиозна група Нова надеж**
20. **Бекташиска заедница во РМ**
21. **Христијанска црква "Слово на надеж"**
22. **Христијанска црква Божји глас**
23. **Меѓународна црква на Христос Скопје**
24. **Независна Христова црква**
25. **Христијанска црква "Блага вест"**
26. **Обединета библиска црква - Библиски центар**


## Тромесечна информативна публикација Билтен за меѓурелигиска соработка

Издавач: Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС); Македонска православна црква (МПЦ), Исламска заедница во Р. Македонија (ИЗ), Католичка црква (КЦ), Еврејска заедница во Р. Македонија (ЕЗ), Евангелско-методистичка црква (ЕМЦ).

Издавачки совет: Александар Кржаловски (МЦМС), Ѓоко Ѓорѓевски (МПЦ), Метин Изети (ИЗ), Дон Мато Јаковиќ (КЦ), Ави Козма (ЕЗРМ), Милица Попризова (ЕМЦ).
Главен и одговорен уредник: Александар Кржаловски
Автор на текстовите: Анета Јовковска, освен каде што е назначено името на авторот на крајот од текстот.
Лектура: Даниел Медароски
Дизајн: Кома,
тираж: 500 примероци
Печати : Боро графика
Финансирано од Норвешката и Данската црковна помош.

Рег бр. 02-161/2


